П. МИЉКОВИЌ-ПЕПЕК

# ПРИЛОГ КОН СОЗНАНИЈАТА ЗА СОЛУНСКОТО ПОТЕКЛО НА СЛИКАРСКАТА ФАМИЛИЈА АСТРАПА И ЗА МОЖНОТО ПОИСТОВЕТУВАЊЕ НА ЗОГРАФОТ МИХАИЛО АСТРАПА СО ПАНСЕЛИНОС

Според материјалите што стојат денес на располагање во научната литература исцрпно е проучен, речиси, сиот уметнички опус на средновековниот сликар Михаило Астрапа којшто во непосредна соработка со сликарот Еутихиј активно творел од 1295 до околу 1320 година на територијата на Македонија, Србија, Света Гора и Косово.[1] Меѓу нивните потпишани сликарски дела (фреските од охридската црква Богородица Перивлепта од 1295 година, фреските од црквата Св. Горѓија во Старо Нагоричино од 1316/18 година и фреските во црквата Св. Никита крај Скопје од околу 1320 година) би можеле со поголема веројатност да се вбројат уште некои непотпишани нивни сликарски остварувања како што се на пример некои охридски икони, некои фрески во Лавра, Протатон и Хиландар на Света Гора, фрските во Кралевата црква од Студеница, изгледа некои фрески во Левишка, во Грачаница и други места.

Сегашните согледни високи ликовни квалитети кај овие зографи — што превосходно се должат на нивниот изразит талент — како и нивниот мошне обемен творечки опус врз ова балканско културно средиште на преминот од XIII и почетокот на XIV век дозволуваат врз цврсти основи и натаму да се темелат пледирањата дека мајсторите Михаило Астрапа и Еутихиј биле вистински проминентни фигури во уметноста на Балканот за периодот од крајот на XIII и првите децении

[1] Врз одделните проблеми во творештвото на овие зографи или врз посеопфатни нивни ликовни целини пишувале многумина; за поцелосен увид и преглед на оваа литература спореди кај П. Миљковиќ-Пепек, Делото на зографите Михаило и Еутихиј, Скопје 1967 и кај В. Ђурић, Византиске фреске у Југославији, Београд 1974, под забелешка 16, 15, 49—55 (со сета понова литература од различни нови статии и студии).

на XIV век.[2] Вакво нивно извонредно високо место во средновековниот ликовен живот на ова балканско средиште стануваште посогледливо кога се има предвид и дејноста на некои нивни поистакнати современици сликари на ова исто територијално подрачје. Покрај Михаило Астрапа и Еутихиј, засега е позната уште една талентирана сликарска личност; тоа е Георгиј Калиергис со единствено потпишани дела на фреските во црквата Христос од Верија изработени 1315 година.[3] Тој тука се претставува со прилично високи ликовни квалитети и суверено владеење со Палеолошкиот стилски израз во византиското сликарство. Можеби точно поради ткви вредности тој за себе во натписот одбележува дека е „најдобриот сликар на цела Тесалија", т.е. Македонија.[4] Без оглед на овие негови сопствени искажувања и жалниот факт дека засега не се познати други негови сликарки остварувања, несомнено е дека Георгиј Калиергис бил еден од најугедните уметници во Солун и јужно од него, бидејќи од извесни пишани изворни податоци се дознава дека тој ја носел почесната титула „кир" и дека им припаѓал на класата од угледни граѓани на Солун во почетокот на XIV век.[5]

Ако за сликарите Михаило Астрапа и Еутихиј денес сѐ уште не се располага со слични кратки пишани биографски податоци од кои јасно и неоспорно би можело да се види нивниот висок углед и нивното солунско граѓанско потекло — како во случајот со зографот Георгиј Калиергис — сепак такви претпоставки се веќе дадени во наукта.[6] Ова е сторено врз основа на оценките на нивниот зачуван творечки опус со висок ликовен квалитет, на нивната ангажираност од најугледните господствувачи во Македонија и Србија (хетеријарот Прогон Згур кралот Стефан Урош Милутин) и на извесни нивни стилски осо-

---

[2] Вакво мислење е, главно, веќе прифатено во науката. Исклучок претставува мислењето на S. Pelekanidis којшто во извесна смисла се спротивстаува на вакво гледиште без многу конкретни образлагања. (Спор. ΤΟ ΕΡΓΟ ΤΩΝ ΖΩΓΡΑΦΩΝ ΜΙΧΑΗΛ ΑΣΤΡΑΠΑ ΚΑΙ ΕΥΤΥΧΙΟΥ, ΕΛΛΗΝΙΚΑ., 24 Thessaloniki 1971, 1 — = Studien zur Fruhchristlichen und byzantinischen archaologie, Institut for Balkan Studies 174, Thessaloniki 1977, 116).

[3] Спор. последна монографија со сета останата литература S. Pelekanidis, ΚΑΛΛΙΕΡΓΗΣ, Athenes 1973, 1—121. (Спор. П. Миљковиќ-Пепек, Денешните можности . . . , во Гласник на Институтот за национална историја, X, Скопје 1966, 203—218).

[4] S. Pelakanidis, op. cit., 7, 8, πιν. 3.

[5] Георгија Калиергис како граѓанин на Солун зборува еден хиландарски ракопис од ноември 1322 година. (Спор. G. T. Theoharidis, Ο βυξαντινος ξωγραφος καλλιερνης, Ε. Μ. Σ., Thessaloniki 1958, 541—542). Врз прашањето дали Калиергис ги изработил и фреските во Хиландар денес постои поделено мислење. (Спор. В. Ђурић, Византиске., op. cit., заб. 55; П. Миљковиќ-Пепек, Денешните., op. cit., 203—218; Ibid., Делото., op. cit., 230—233).

[6] Врз проблемот за потеклото на овие зографи до неодмана се искажани повеќе мислење: L. Mirković помислува на три можности. — Цариград, Солун или Охрид (давајќи му предност на Цариград под влијание на Ch. Diehl); С. Радојчић, A. Xyngopoulos, П. Миљковиќ-Пепек и други се определуваат повеќе за Солун. (Die Ikonen der giechischen Maler in Jugoslavien., во Pepragmena I, Athenes 1955, 311—313; Manuel d'byzantin, Paris 1926, 789; Студије о уметности XIII века, Глас САН, Београд 1959; Thessalonique et la peinture macédonienne, Athènes 1955 36—44; Делото., op. cit., 198, 235—238).

беност од почетната ликовна кариера кои укажуваат за стекнатото сликарство образование во мозаичарски ателјеа на поугледните културни центри на Византија, веројатно Солун.[7]

Меѓутоа, овие поранешни претпоставки од неодамна индиректно се потврдија и со пишан изворен податок за еден од членовите на фамилијата Астрапа како угледен граѓанин на Солун.[8] Имено, во научното средновековно дело „Теорија за Месечината“ од познатиот солунски научник и писател Димитрија Триклиниј се наоѓаат и изворните податоци за тогашниот олунски препишувач и илустратор по име Јован а по презиме Астрапа. Кон овој дел од текстот каде се говори за Јован Астрапа, навистина беше обрнато внимание уште од самиот издавач на Триклиниевата студија германскиот научник А. Васерштајн (A. Wasserstein),[9] но многу поопстојни и попрецизни анализи на овие исти податоци ги соопштил нешто подоцна грчкиот научник Сотириос Кисас.[10] Во овој најважен дел од грчкиот текст (Paris gr. 2381) пишува следното:

„. . . διὰ τοῦτο γὰρ καὶ μέλαινά τις ἐπ᾽αὐτῇ σκιά δείκνυται. εἰς νοῦν βαλών ἐγὼ τε καὶ ὅν ἐν τῷ καθ᾽ἡμᾶς χρόνῳ ἄριστον τῶν γραφέων ἡπατρὶς ἡμῶν τυγμάνει πλουτοῦσα Θεσσαλπνικη, τὸν ρῆς ἀστραπῆς ἐπώνυμον φημὶ χαριτώνυμον, τὶ δήποτε σχῆμα τυγχάνει τὸ ἐν τῆ σελήνη μέλαν, μόλις ἔσχομεν διαγνῶναι, διαφανοῦς μάλα τοῦ αέρος γεγενημένου, ὡς τοιοῦτί τι τό ἐν αὐτη ἐσχηματισμένον μέλαν ἐστιν οἷον ἐνταυθοῖ τῷ μέλανι τούτῳ χρώματι αὔτη δήπουθεν ἐσχημάτισται. τὸ μὲν γὰρ διαυγὲς αὐτῆς εἰκονίζει τὴν γῆν, τὸ δὲ μέλαν τὴν θάλατταν, ἀλλ᾽ἡ μὲν ἐν τῇ καθ᾽ἡμᾶς οἰκουμένῃ θάλαττα ἀνδρὸς ὡς ὁρᾶς ἀποτελεῖ σχῆμα καὶ τὸ πρὸς τὴν δύσιν ταύτης ἐπέχει μέρος, ἡ δὲ γ᾽ ἑτέρα ἄλλον ἐσχημάτισται τρόπον καὶ τὸ ἐῷν ἐπέχει μέρος. . .“[11]

Тој во послободен превод ја има следната содржина: „. . . поради тоа и некаква црна сенка на неа се покажува; и откако се сетив на најдобриот меѓу препишувачите на нашето доба, тшо го има Солун, нашата богата татковина, на него, со презиме Астрапа по име Харитон (Јован), одвај можевме да распознаеме, кога воздухот стана многу проѕирен, каков облик има црното на Месецот; дека е црно, обликувано на Месецот, нешто вакво како што е на неа овде нацртао со оваа црна боја; нејзиниот светол дел го претставува копното а црниот дел морето; но, како што гледаш, морето на нашиот свет е прикажано во облик на машка фигура и го зазема нејзиниот западен дел, а другото (море) е претставено поинаку и го зазема источниот дел. . .“ (Види и илустрација кон овој дел од текстот, сл. 1).

[7] П. Мильковиќ-Пепек, Делото., op. cit., loc. cit.

[8] Сотириос Кисас, Солунска уметничка породица Астрапа, Зограф 5, Београд 1974, 35—37.

[9] An unpublished treatise by Demetrius Triclinius on Lunar Theory, Jahrbuch der Ostereichischen byzantinischen Gesellschaft, 16, Graz—Köln 1967, 162—166 (153—174).

[10] Сотириос Кисас, op. cit., 35. (Според него овде е приложен и преводот од спрскохрватски јазик).

[11] A. Wasserstein, op. cit., 172; Сотириос Кисас, op. cit., 36.



Сл. 1. Цртеж на Астрапа во трактатот за Теорија за Месечината на Димитрија Триклиниј од ракописот на Пар. гр. 2381, ф. 78 (препис од XV — XVI век).

А) Море на нашиот свет претставено на Месечината.

Б) Другото море претставено на Месечината.

Последните резултати од проучувањата на овие историски важни податоци за личноста на Јован Астрапа во Триклиниевиот средновековен трактат за Месечината би можеле да се сведат на следните сигурни заклучоци. I. Солунскиот писател и научник Димитрија Триклиниј, кој живеел најверојатно меѓу 1280 и 1340 година, за свои потреби околу проучувањата на Месечината прецизно укажува дека за пишувањето и илуминирањето на својот научен трактат го ангажирал „најдобриот меѓу пр пишувачите на нашето доба, што го има Солун“ „со презиме Астрапа по име Харитон (Јован)“.[12] II. Според зборот Γραφεὺς (препишувач писар, а во ретки случаи и со значење сликар), а и според цртежот на Месечината што е направен во заедничка опсервација со научникот Димитрија Триклиниј, во работата на Јован Астрапа јасно се гледа дека тој поседувал и одредени сликарски способности поради кои посебно се истакнува дека Триклиниј се „сетил“ на таква личност што тогаш ја имал градот Солун — не само како обичен препишувач, туку и со дарби на илустратор за неговата научна студија.[13] III. Невообичаеното презиме Астрапа кое го има солуњанинот Јован јасно укажува на непосредната блиска родбинска поврзаност со познатиот сликар во Македонија Михаило Астрапа, потпишан 1295 година на фреските во Богородица Перивлептос од Охрид и на солунското гаѓанско потекло на членовите од оваа фамилија.[14]

Со овие нови изворни писани податоци извлечени од Триклиниевиот трактат за Месечината (продлабочено протолкувани од грчкиот научник С. Кисас) е неспорно дека се фрла значително нова аргумен-

[12] Сотириос Кисас, op. cit., 35—37.
[13] Ibid., op. cit., 36.
[14] Ibid., op. cit., 36—37.

тирана поткрепа кон веќе искажаната претпоставка за веројатното солунско потекло на сликарот Михаило Астрапа, односно неговата фамилија.[15] Меѓутоа, суштествено е дека со овие нови соопштени резултати од проучувањата би можело денес нешто повеќе да се поткрепи и една друга искажана претпоставка околу прашањето за прилично мистифицираната сликарска личност по име „Мануил Панселинос".[16] Историјата на проучувањето на оваа личност е мошне долга. За зографот Панселинос пишувале и многу дамнешни и сегашни научници. Сите овие резултати од проучувањата на оваа личност може да се сведат на две основни спротивни мислења. Според едното мислење од најголем број научници се застапува гледиштето дека зографот Мануил Панселинос — кој единствено се споменува во писани извори од XVII и XVIII век — е вистинска личност која творела од едни во XI, од други во XII, а од некои, пак, во XIII и XIV, па дури и во XVI век.[17] Според другото мислење од мал број учници се застапува гледиштето дека оваа личност не постоела и за неа писаните извори од XVII и XVIII век имаат извесен призвук на некаква легенда.[18]

Двете споменати спротивни мислења станаа кај последните проучувачи уште поизразито присутни и со покатегорички определби отколку кај поранешните. Така, на пример, неодамна грчкиот научник А. Ксингопулос без никакви резерви настојувал да му ги припише на овој зограф анонимните фрески од главната црква на Проатон и некои фрагменти фрески од главната црвка на Лавра во Света Гора со чие приближно точно нивно датирање ја определил и дејноста на сликарот Мануил Панселинос во „прва четврт на XIV", односно почеток на XIV век".[19] Вакво мислење и денес е присутно кај мнозумина научници.[20]

Меѓутоа, мислењето на А. Ксингопулос, набргу по неговите соопштени резултати од проучувањата врз овој проблем, беше подложено на релативно опсежна критика од моја страна при што беше заземено становиштето дека неговите вложени напори со хронолошкото и творечкото конкретизирање на дејноста на зографот „Мануил Панселинос" се сè уште научно неосновани и недостатно аргументирани.[21] Во овој поглед е корисно овде одново да потсетам само на некои мои основни критички забелешки и ставови врз овој проблем. Засега е непо-

[15] Спореди со наведената литература во забелешка 6.

[16] П. Миљковиќ-Пепек, Пишуваните податоци за зографите Михаило Астрапа и Еутихиј, Гласик на Институтот за национална историја, Скопје 1960, 168—169; Ibid., Делото., op. cit. 203—205.

[17] Ibid., Делото., op. cit. loc. cit. и особено сета наведена литература во забелешките 775—790.

[18] Ch. Bayet, L'art byzantin, Paris 1883, 260—265; Ibid., Notes sur le peitre byzantin Manuel Pansélinos et sur le guide de la peinture du moine Denys, Revue Arch., Paris 1884, 325—334; П. Миљковиќ-Пепек, Пишуваните., op. cit., 168—169; Ibid., Делото., op. cit., 205.

[19] A. Xyngopoulos, Manuel Panselinos, Athènes 1956, 9—28; Ibid., Nouveaux têmoignages de l'activité des peintres macédoniens du Mont-Athos, Byzantinischen, Zeitschrift 52, München 1959, 61—67.

[20] Спор. на пример кај В. Ђурић, Византиске., op. cit., 18.

[21] П. Миљковиќ-Пепек, Делото., op. cit., 203—213, 222.

битен, пред сè, фактот дека не е открино ниту едно сликарско дело потпишано од зографот Мануил Панселинос; а непобитен е и фактот дека единствениот писан извор за Мануил Панселинос — како сликар и граѓанин на Солун (што ни соопштува во својата ерменија сликарот Дионисиј од Фурна меѓу 1729 и 1733 година според еден податок од XVII век), денес во никој случај не може да послужи како сигурна основа во определувањето на времето кога живеела оваа личност, иако таа овде се компарира дури со Ѓото и Рафаело. Податоците во овој прилично нов писан извор не би требале да се земат како повод за да се посочат анонимните фрески од Протатон и Лавра за сигурни сликарски дела на Панселинос. Поради сè ова засега е многу порален и научно поисправен патот во барањето на авторот на споменатите анонимни светогорски сликарски остварувања да води преку единсвените сегашни постојни можности: да се откриваат во нив ликовни сличности со дела на некои сегашни познати зографи и да се воспотасувват нивните тесни стилско-иконографски корелативносто со делата на оние сликари чии имиња се осведочени како врвни уметници — зографи на ова балканско подрачје.

Ваков нов приод кон решањаето на проблемнът за зографот Мануил Панселинос произлгеуваше не само од фактите пројавени во долгата историја на проучувањата во која биле изложени најразлични хипотези — поставувајќи ја неговата дејност од XI до XVI век — туку и од извесени оправдани причини дека на овој зограф може да се гледа и како на некаква легендарна личност. Поради ваква присутна состојба во науката веќе не беше битно да се навлегува во проблемот за времето во кое живеел и творел Панселинос кого го споменуваат доста сомнителните и непрецизни рани писани извори, туку — најнеопходно за науката — да се откријат претходно автентични сликарски дела од раката на овој зограф. А такви сликарски осварувања до денес не се пронајдени. Резултатите од моите непосредни проучувања на светогорските фрески во Протатон и Лавра ме доведоа (1959/62 год.) до заклучоци за можностите да се согледа нивната најблиска стилско ликовна аналогија со творештвото на познатите сликари во Македонија и овие анонимни дела — сместени во хронолошките граници од самиот крај на XIII и почетокот на XIV век — да ги припишам со голема веројатност на овие сликари пред тие да преминат во стилскиот изрза на дефинittивно оформеното „Палеолошко сликарство“.[22]

Со оглед на резултатите од претходните продлабочени иконографски и стиксли анализи, кои засега одат исклучиво во корист на многу препознатливото творештво од зографите Михаило Астрапа и Еутихиј, ја сметав за логична и претпоставката дека во славата на Мануил Панселинос во Света Гора изгледа би можел да се распознае дури и самиот Михил Астрапа. Во прилог на ова секако зборува, барем засега, и фактот дека неговата активност е најдобро позната за овој период во Македонија и надвор од неа, а неговата слава не би можела да се

---

[22] Ibid., op. cit., loc. cit.

оспори дури ни со познатиот сликар Георгиј Калиергис — граѓанин на Солун — бидејќи во неговото единсвтено познато сликарско дело од Верија не се гледаат толку големи сличности со Протатон и Лавра како во делата на мајсторот Михаило Астрапа. (Спор. Таб. I, II, III и IV).

Точно овие мои поранешни претпоставки и зклучоци денес изгледа наидуваат и на извесна нова индиректна поткрепа со дел од последните резултати на грчкиот научник Сотириус Кисас. Имено, од толкувањата на писаниот документ во средновековниот научен трактат на солуњанинот Димитрија Триклиниј, што беа погоре изложени, се гледа дека тогаш (меѓу 1280—1340) во Солун живеел и творел „најдобриот меѓу пр пишувачите" — што тогаш го имал овој град — „со презиме Астрапа по име Харитон (Јован)"; С. Кисас за него исправно претполага дека бил во непосредно блиска роднинска поврзаност (иако засега е тешко со прецизност да се каже каква) со добро познатиот зограф Михаило Астрапа. Исто така е битно што забележал дека солунскиот „пр пишувач" Јован Астрапа неоспорно поседувал и извесни сликарски способности кои се гледаат од неговата илустрација во научниот трактат „Теорија за Месечината" од солунскиот писател и научник Димитрија Триклиниј (сл. 1). На оие два цртежа од Јован Астрапа се претставени двата дела на Месечевата површина („нејзиниот западен дел" и „источниот") со две морења во форма на машки фигури (црно обоени) какви што тој заедно со Димитрија Триклиниј ги разоткриле, гледајќи ги Месечевите површини. (Спореди го приведениот дел од текстот).

Меѓутоа, без оглед на каков начин се објаснуваат во текстот на овој трактат нивните видени површини од Месечината. битно е дека за средновековните луѓе, а посебно за самите Солуњани, овие илустрации претставувале во извесна смисла нарочен настан што побудувал актуелно сеќавање за подолго време во средновековието; тоа посебно се задржало кај потесниот круг на заинтересираните. Во оој поглед се суштествени, исто така, и фактите дека преку овие, тогаш актуелни, илустрации барем тесниот круг на луѓето во Солун го запознало името на аторот (Јован Астрапа) преку кого ги виделе и површините на Месечината во некаква нејзина интегрална целост — малку видлива за другите со нивното голо око. Со вакви сознанија за средновекониот човек (во чии разбирања денес може повеќе да се навлезе, отколку порано) изгледа дека од извесни нови познавања на Месечината подоцна му останало само сеќавањето на општиот поим за некаква видена *полна месечева површина*, а тоа е и зборот што на грчки јазик се одбележува со ПАНСЕЛИНОС (Πανσελινος = Полн Месец). Точно со овој збор изгледа се означувало и презимето или новиот прекар — со веројатна подоцнежна интерполација во XVII век — на некој од членовите на фамилијата Јован Астрапа. Преку вакво можно осознавања, всушност, се открива и еден друг проблем: дали се работи за подоцнежното интерполирање на Михаило Астрапа во Манул Панселинос или пак постоела и некоја роднински поблиска личност на Јован Астрапа

по име Мануил, а подоцна негoвото презиме било преиначено во контекст на Јован Астрапа со Панселинос? Врз оој проблем, засега, тешко ќе може да се даде одговор сè додека не се открие уште некоја сликарска личност од ова исто време и од оваа македонска територија со име „Мануил".

Но, изгледа дека извесни согледувања во лексичка и етимолошка смисла на презимето Панселинос би можеле донекаде да помогнат за расветлувањето на проблемот, ова — особено кога се имаат предвид и општествените прилики на тогашните прогресивни движечки сили во солунската средина.[23] Во неа, имено, е зачудувачка појавата во периодот од XIII/XIV век на творци чии желби биле да бидат добро знаени од современиците поради што тие ги истакнувале и своите необичаени презимиња, прекари, или пак, изгледа, и имиња. Меѓу вакви осведочени примери денес се познати: зографот Михаило со презиме Астрапа (Светликав, Блистав, Сјаен),[24] препишувачот и илустраторот Харитон (Јован) Астрапа (со истото претходно значење), може би и некој потпишуван само со презиме или со име Астрапа (ако тоа би можела да биде некоја одделна личност)[25] и зограф Георгиј со презиме Калиергис (Најдобриот, Најубавиот).

Сепак, од сето изложено за кругот на оваа истакната солунска генерација од творци — сликари, во кој бил присутен и творечки подем за натпревар, денес е неоспорно дека највидливо угледно место го заземале членоите на фамилијата Астрапа наклонети и извонредно надарени за уметноста. Ова осведочено денес го покажуваат: Михаило, Харитон (Јован) и евентуално зограф по презиме или име Астрапа доколку на него би можело да се гледа како на одделна личност. Во какво пак сродство тие биле, засега тешко може да се определи. Но во овој поглед битно е да се истакне дека со најновите сознанија за Јован Астапа — како најдобар илустратор за своето време во Солун — кој се претставил пред солунската јавност во трактатот на Димитрија Триклиниј со двете насликани површини на Месецот (во смисла на некаква полна месечева површина = панселинос πανσελνυς) овој член на фамилијата Астрапа бил врвно ценет во градот. А врз основа на ваква негова тогашна репутација можно е дека тој, или пак некои членови на неговата фамилија го стекнале нешто подоцна и прекарот „Панселинос". Ова најверојатно поради извесна стекната репутација на Јо-

[23] Сотириос Кисас, op. cit., 37.

[24] Ibid., op. cit., 36, забелешка 10 (каде подетално се толкува зборот Астрапа)

[25] Оправдао е засега да постојат сè уште извесни резерви во однос на овој проблем што произлегува од потписот на фреските во црквата Богородица Левишка, како и од извесни ликовни анализи. (За ова спор. П. Миљковиќ-Пепек, Делото., op. cit., 228—230; Сотириос Кисас, op. cit., 36, заб. 11). Без никакви нови докази најновите проучувачи кои имаат неосновано категоричен став за да ги сметаат овие фрески како исклучиво сликарско дело на Михаило Астрапа, во научна смисла ништо не придонеле кон решавањето на овој несомнено сложен проблем засега; сегашните нивни произволни категорички определби не би требало да бидат земени предвид ни во случај на идни евентуални позитивни научни сознанија. (За ова спор. В. Ђурић Византиске., op. cit., 49—50 заб. 49; Д. Панић и Г. Бабић, Бородица Љевишка, Београд 1975, 45—104.

ван Астрапа меѓу Солуњаните со насликаната полна месечева површина во книгата „Теорија за Месечината" од солунскиот научник и писател Димитрија Триклиниј (сл. 1).

Во контекстот на новите сознанија за Јован Астрапа денес изгледа би можело уште повеќе, отколку порано, да се поткрепи и мојата порано искажана претпоставка дека во писаните извори од XVII и XVIII век каде се говори за зографот „Мануил Панселинос" дошло до извесни видливи интерполации и изгледа до некакво преиначување на името со што сметав дека зад него се крие некоја конкретна историска личност. Доколку овде станува збор за некоја конкретна славна личност—сликар од Солун во XIII/XIV век, тогаш засега најверојатно овде се работи за зографот Михаило Астрапа кој бил во тесно фамилијарно сродство со солуњанинот Харитон Јован, Астрапа, чија истакната и осведочена творечка дејност во книгата „Теорија за Месечината" му донела нова репутација меѓу мештаните на градот, а неговата илустрација за површините од Месечината, изгледа и прекарот „ПАНСЕЛИНОС". Овие претпостаки денес се надополнуваат со фактите дека зограф со највисок углед во периодот меѓу 1295 и околу 1320 година на ова балканско подрачје бил Михаило Астрапа (покрај Георгиј Калиергис и некои анонимни сликари) и дека досега не е откриено ниту едно сликарско дело со потпис на зографот „Мануил Панселиос" за кого категорички сметаат дека работел во овој ист период. Порано, припишаните анонимно фрески од Протатон и Лавра на „Мануил Панселинос", видливо се произволни бидејќи не се засновани врз непосреден сигурен изворен податок. Засега, овие анонимни фрески единствено стојат во тесни стилско ликовни и иконографски соодоси со творештвото на сликарите Михаило Астрапа и Еутихиј (Т. I, II, III и IV). Во овој контекст нужно е да се истакне и фактот дека советите за копирање на делата на „Панселинос", упатени до уметниците во изворите од XVII/XVIII век. биле реализирани така што тие се угледувале на фреските од првата фаза на Михаило Астрапа и Еутихиј (особено на оние од Перивлепта во Охрид).

Скопје, 20. XI 1976.

## CONTRIBUTION AUX CONNAISSANCES SUR L'ORIGINE DE LA FAMILLE ARTISTIQUE D'ASTRAPAS DE THESSALONIQUE ET SUR L'IDENTIFICATION POSSIBLE DU PEINTRE MICHEL ET DE PANSELINOS

(R é s u m é)

Sur la base des matériaux que la littérature scientifique met à la disposition, l'oeuvre artistique du peintre Michel Astrapas qui créait d'une façon activa, en collaboration avec le peintre Eutych, à partir de l'an 1295 jusqu'à environ l'an 1320, est aujourd 'hui assez bien étuidée.

Les hautes qualités artistiques de ces peintres et leur oeuvre créative bien volumineuse les font considérer pour les vrais artistes proéminents des Balkans dans l'intervalle de la fin du XIII-e aux premières décennies du XIV-e siècle, à côté du peintre Georges Kaliergis.

Les suppostions déjà exprimées sur la provenance des peintres Michel Astrapas et Eutych de Thesaslonique trouvent de l'appui dans une donnée écrite authentique, publiée par A. Waserstein et interprétée d'une facon plus détaillée par S. Kissas. C'est le traité scientifiqeu médiéval „Théorie sur la Lune" de Démétrios Triclinios de Thessalonique (daté entre les ans 1280 et 1340). Là, on parle du transcripteur- illuminateur de Salonique Hariton (Jean) Astrapas qui a eété de toute façon en liaison proche familiale avec le peintre Michel Astrapas.

Les données du traité „Théorie sur la Lune" peuvent aujourd'hui supporter, d'une façon quelque peu plus concrète qu'auparavant, l'hypothèse que dans la gloire du peintre Manuel Panselinos (dont on parle d'une façon imprécise dans les sources des XVII—XVIII sicles — même d'une note de personnalité légendaire) doive être reconnu le fameux créateur Michel Astrapas. Ceci d'autant plus que l'un des membres proches de lafamille d'Astrapas — Hariton (Jean) s'est présenté et fut connu parmi les citoyens de Thessaloniques par son illustration des duex surfaces de la Lune (fig. 1), c'est à dire par la présentation de la *pleine lune* = ΡΑΝΣΕΛΗΝΟΣ. Sa collaboration avec Démétrios Triclinios sur le traité „Théorie sur la Lune" le fut connu parmi ses concitoyens, et l'illustration des surfaces de la Lune lui apporta, semble-t-il, le surnom de „Panselionos". Dans ce contexte peuvent être considérés les sources des XVII—XVIII siècles où l'on parle de la goire de Panselinos, notamment on peut supposer qu'elles se rapportent à l'un des membres de la famille de Jean Astrapas, lequel avait joui d'une haute réputation de peintre.

Ces suppositions s'appuient aujourd'hui encore sur les faits que Michel Astrapas était le peintre de la plus haut renmée de l'époque entre lan 1295 et environ l'an 1320 dans la région des Balkans et que jusqu'à présent n'est découverte aucune peinture qui porte la signature du zographe Manuel Panselinos, que cetrains savants situent à la même période. Dans ce contexte il est nécessaire de signaler eucore le fair que les conseils de copier les oeuvres de „Pansêlinos", adresseés aux peintres dans les sources de XVII^e^—XVIII^e^ siécles, ont été rélisés à cette époque de cette façon que les peintres prenaient pour exemple les fresques de la première phase de Michel Astrapas et Eutych (surtout celles de Péribleptos d'Ohrid).

20. I. 1976



Таб. I. Фреска од црквата Перивлептос во Охрид, лик на св. Никола (веројатно дело на зографот Михаило Астрапа — 1295 год. — Овде постои потпис на зографите Михаило Астрапа и Еутихиј.



Таб. II Фреска од црквата Перивлептос во Охрид, лик на св. Петар (од 1295 г.)



Таб. III. Фреска од црквата во Протатон на Света Гора, лик на св. Никола (анонимно дело што може да му се припише на творештвото на зографите Михаило Астрапа и Еутихиј – околу самиот крај на XIII и првата деценија на XIV век).



Таб. IV. Фреска во Лавра на Света гора, лик на св. Никола (анонимно дело што може да се припише на творештвото на зографите Михаило Астрапа и Еутихиј — околу самиот крај на XIII и прва деценија на XIV век).